# Записник од 19-тата седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

**З А П И С Н И К**

***Од 19-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 19.3.2019 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 10:00 часот.***

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Берово, Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата присуствуваа 15 советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Кржовска, Благица Русковска, Александар Чамовски, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јованка Василевска Петрушева, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански и Влатко Буровски.

На седницата присуствуваше Градоначалникот на Општината Звонко Пекевски, Градоначалникот на Општина Струмјани , Република Бугарија- Емил Илиев заедно со Секретарот во Општина Струмјани- Иван Секулов, раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски, Советникот за нормативно правни и имотно правни работи во Одделение за општи и правни работи Емилија Ваканска и Соработникот за односи со јавност во Одделение за јавни дејности, Биљана Каламадевска-како записничар а повикани присутни на седницата беа и Директорот на ЈПКР„Услуга”- Берово, Иле Рунтевски, Директорот на ОСУ„Ацо Русковски”- Берово- Сашко Корчовски и Татјанка Муртовска-Советник во одделението за финансиски прашања.

На оваа седница, Претседателот на Совет на Општина Берово, Јован Матеничарски, ги поздрави гостите и му даде збор на Градоначалникот Илиев.

Градоначалникот Илиев, се заблагодари и истакна дека чест и задоволство му е што присуствува на ваква средба и го претстави пред овој состав сопственото гледиште за развојот на Малешевијата и граничниот премин Клепало. Најважно е што се работи на случајот за отварање на граничниот премин, се работи на подобрување на патната инфраструктура и конечно во блиска иднина се очекува да се случи отворање на овој премин- истакна тој во своето излагање. На ова се надоврзува Советникот Предраг Монев, кој предлага Советите на двете општини да направат средба на која би се разменувале идеи и мислења. Претседателот на Совет на Општина Берово, истакнува дека веќе е преговарано советите од двете општини да остварат средба и дека многу скоро тоа ќе се случи. Градоначалникот Илиев уште еднаш се заблагодари за поканата да присуствува на Седница на Совет на Општина Берово и посочи дека двете општини и досега реализирале заеднички проекти а во иднина соработката да продолжи на уште повисоко ниво.

Седницата беше продолжена, при што Претседателот на Совет на Општина Берово, Јован Матеничарски за работа на 19-тата Седница на Совет го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 18-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Завршна сметка на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;
3. Годишен Извештај на Општина Берово за 2018 година (годишна сметка, извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност, извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка);
4. Одлука за прифаќање на донација;
5. Годишен извештај за работа на ЈПКР „Услуга“ Берово за 2018 година;
6. Годишен финансиски извештај за работа на ЈПКР „Услуга“ Берово за 2018 година;
7. Одлука на ЈПКР “Услуга” Берово, за наплата на правосилни и извршни предмети без камата;
8. Одлука за престанок на Одлука за давање на времено користење недвижни ствари – згради на ЈПКР “Услуга” Берово;
9. Известување за деловна активност за 2018 година за наменска сметка на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки ” Берово за 2018 година;
10. Финансиски извештај од завршна сметка на основен Буџет за 2018 година на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки” Берово ;
11. Финансиски извештај од завршна сметка на самофинансирачки активности за 2018 година на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки ” Берово ;
12. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски’’ 2018 година-донаторска сметка;
13. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски’’ 2018 година-наменска дотација ;
14. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски’’ 2018 година-сметка за сопствени приходи ;
15. Полугодишен извештај за работа на ОСУ„Ацо Русковски’’ Берово за учебната 2018/2019 година;
16. Финансиски извештај за реализирани приходи и расходи за 2018 година на сопствена сметка на ООУ„Дедо Иљо Малешевски’’ Берово ;
17. Финансиски извештај за реализирани приходи и расходи за 2018 година на сметка донаторска- Програма- Предизвик за млади истражувачи на ООУ„Дедо Иљо Малешевски’’ Берово;
18. Финансиски извештај за реализирани приходи и расходи за 2018 година на сметка за наменска дотација на ООУ„Дедо Иљо Малешевски’’ Берово;
19. Финансиски извештај за реализирани приходи и расходи за 2018 година на сметка-донаторска-Еразмус 2016-1-МК01 на ООУ„Дедо Иљо Малешевски’’ Берово;
20. Финансиски извештај од завршна сметка од Домот на Културата „Димитар Беровски’’ – Берово за 2018 година – сметка за сопствени приходи;
21. Финансиски извештај од завршна сметка од Домот на Културата „Димитар Беровски’’ – Берово за 2018 година- наменска дотација ;

22. Финансиски извештај од завршна сметка од ОЈУДГ„23Август"- Берово за 2018 година – сметка за сопствени приходи;
23. Финансиски извештај од завршна сметка од ОЈУДГ„23Август"- Берово за 2018 година- донаторска сметка Инклузија на деца РОМИ во предучилишна возраст ;
24. Финансиски извештај од завршна сметка од ОЈУДГ„23Август"- Берово за 2018 година- сметка за блок дотација;
25. Известување за деловна активност во 2018 година на Донаторска сметка 702010221660313 Програма В-1 на ОЈУДГ„23Август"- Берово за 2018 година;
26. Финансиски извештај од завршна сметка на ООУ „Никола Петров Русински" за 2018 година – сметка за наменска дотација ;
27. Финансиски извештај од завршна сметка на ООУ „Никола Петров Русински" за 2018 година – сметка за самофинансирачки активности ;
28. Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2018 година ;
29. Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година;
30. Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка во 2018 година;
31. Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Берово во областа на спортот за 2018 година ;
32. Извештај за програмата за вклучување на Ромите, согласно локалниот акционен план на Општина Берово, за 2018 година;
33. Годишен извештај за реализација на Г2 програма за активностите на Општина Берово за 2018 година во областа на туризмот;
34. Извештај за реализација на Г1 програма, за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2018 година;
35. Годишен извештај за реализација на програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2018 година;
36. Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота за 2018 година;
37. Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавно зеленило за 2018 година;
38. Годишен Извештај за реализација на Програмата за заловување на кучиња скитници за 2018 година;
39. Годишен Извештај за реализација на Програмата за улично осветлување за 2018 година;
40. Годишен Извештај за реализација на Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта за 2018 година;
41. Годишен Извештај за реализација на Програма за заштита од штетно влијание на водите за 2018 година;
42. Годишен Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Берово за 2018 година;
43. Годишен Извештај за реализација на Програмата за чистење на наноси и свлечишта на локални патишта и улици за 2018 година;
44. Годишен Извештај за реализација на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2018 година;
45. Годишен извештај за реализациј на програмата за изработка на Урбанистички планови за 2018 година

46. Полугодишен извештај за работа на Советник овластен инспектор за комунални работи, угостителство и туризам на Општина Берово за период од 01.07.2018 година до 31.12.2018 година;
47. Полугодишен извештај за работа на овластениот градежен инспектор на Општина Берово за период од 01.07.2018 година до 31.12.2018 година;
48. Полугодишен извештај за работењето на овластениот Општински инспектор за просвета и спорт за период од 01.07.2018 година до 31.12.2018 година;
49. Извештај за работа на овластениот инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово;
50. Годишен Извештај за работата на ТППЕ Берово за 2018 година;
51. Годишен Извештај од ПС од ОН Берово за 2018 година;
52. Одлука за усогласување на намените на Урбанистички план за с. Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат за КП 1363 КО с. Русиново;
53. Одлука за прифаќање на донација (летниковец од ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје);
54. Одлука за прифаќање на донација (проектна документација за осветлување на Беровско Езеро од Електровин Виница);
55. Барања од институции и граѓани;
56. Советнички иницијативи и прашања.

Во име на Градоначалникот, на Општина Берово, како предолг за измена на дневниот ред, Раководителот на одделението за општи и правни работи во Општина Берово, Анита Рунтевски, ги истакна предлозите за промена: точка 4 се заменува со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници вработени во ОЈУДГ "23 Август" Берово за 2019 година, точка 42 се заменува со Одлука за давање согласност за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години, како точка на дневен ред со реден број 55 се додава Дополнување на одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на зелен пазар во Берово" а точките 55 и 56 се поместуваат и стануваат 56 и 57.

Претседателот на Совет, го става на гласање предолгот од Раководителот на општи и правни работи во име на Градоначалникот на Општина Берово и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници** се усвоени *измените на дневниот ред*. Потоа го стави целокупниот дневен ред со измените и со **15 гласа ЗА, нема Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** за работа на 19-тата Седница на Совет на Општина Берово е усвоен следниот :

## Дневен ред

1. Усвојување на Записник од 18-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Завршна сметка на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;
3. Годишен Извештај на Општина Берово за 2018 година (годишна сметка, извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност, извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка);

4. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници вработени во ОЈУДГ “23 Август” Берово за 2019 година;
5. Годишен извештај за работа на ЈПКР „Услуга“ Берово за 2018 година;
6. Годишен финансиски извештај за работа на ЈПКР „Услуга“ Берово за 2018 година;
7. Одлука на ЈПКР “Услуга” Берово, за наплата на правосилни и извршни предмети без камата;
8. Одлука за престанок на Одлука за давање на времено користење недвижни ствари – згради на ЈПКР “Услуга” Берово;
9. Известување за деловна активност за 2018 година за наменска сметка на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки ” Берово за 2018 година;
10. Финансиски извештај од завршна сметка на основен Буџет за 2018 година на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки” Берово ;
11. Финансиски извештај од завршна сметка на самофинансирачки активности за 2018 година на ОЈУСЗСЛ “Д-р Иван Влашки ” Берово ;
12. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски” 2018 година-донаторска сметка;
13. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски” 2018 година-наменска дотација ;
14. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски” 2018 година-сметка за сопствени приходи ;
15. Полугодишен извештај за работа на ОСУ„Ацо Русковски” Берово за учебната 2018/2019 година;
16. Финансиски извештај за реализирани приходи и расходи за 2018 година на сопствена сметка на ООУ„Дедо Иљо Малешевски” Берово ;
17. Финансиски извештај за реализирани приходи и расходи за 2018 година на сметка донаторска- Програма- Предизвик за млади истражувачи на ООУ„Дедо Иљо Малешевски” Берово;
18. Финансиски извештај за реализирани приходи и расходи за 2018 година на сметка за наменска дотација на ООУ„Дедо Иљо Малешевски” Берово;
19. Финансиски извештај за реализирани приходи и расходи за 2018 година на сметка-донаторска-Еразмус 2016-1-МК01 на ООУ„Дедо Иљо Малешевски” Берово;
20. Финансиски извештај од завршна сметка од Домот на Културата „Димитар Беровски” – Берово за 2018 година – сметка за сопствени приходи;
21. Финансиски извештај од завршна сметка од Домот на Културата „Димитар Беровски” – Берово за 2018 година- наменска дотација ;
22. Финансиски извештај од завршна сметка од ОЈУДГ„23Август”- Берово за 2018 година – сметка за сопствени приходи;
23. Финансиски извештај од завршна сметка од ОЈУДГ„23Август”- Берово за 2018 година-донаторска сметка Инклузија на деца РОМИ во предучилишна возраст ;
24. Финансиски извештај од завршна сметка од ОЈУДГ„23Август”- Берово за 2018 година-сметка за блок дотација;
25. Известување за деловна активност во 2018 година на Донаторска сметка 702010221660313 Програма В-1 на ОЈУДГ„23Август”- Берово за 2018 година;

26. Финансиски извештај од завршна сметка на ООУ „Никола Петров Русински" за 2018 година – сметка за наменска дотација ;
27. Финансиски извештај од завршна сметка на ООУ „Никола Петров Русински" за 2018 година – сметка за самофинансирачки активности ;
28. Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Берово во областа на културата за 2018 година ;
29. Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Берово во областа на социјалната заштита за 2018 година;
30. Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Берово во областа на комуникациите, односите со јавноста и меѓународната соработка во 2018 година;
31. Извештај за реализација на програмата за активностите на Општина Берово во областа на спортот за 2018 година ;
32. Извештај за програмата за вклучување на Ромите, согласно локалниот акционен план на Општина Берово, за 2018 година;
33. Годишен извештај за реализација на Г2 програма за активностите на Општина Берово за 2018 година во областа на туризмот;
34. Извештај за реализација на Г1 програма, за поддршка на локалниот економски развој на Општина Берово за 2018 година;
35. Годишен извештај за реализација на програмата за енергетска ефикасност на Општина Берово за 2018 година;
36. Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавна чистота за 2018 година;
37. Годишен Извештај за реализација на Програмата за јавно зеленило за 2018 година;
38. Годишен Извештај за реализација на Програмата за заловување на кучиња скитници за 2018 година;
39. Годишен Извештај за реализација на Програмата за улично осветлување за 2018 година;
40. Годишен Извештај за реализација на Програмата за зимско одржување на локални улици и патишта за 2018 година;
41. Годишен Извештај за реализација на Програма за заштита од штетно влијание на водите за 2018 година;
42. Одлука за давање согласност за ослободување од партиципација на ромски деца на возраст од три до шест години;
43. Годишен Извештај за реализација на Програмата за чистење на наноси и свлечишта на локални патишта и улици за 2018 година;
44. Годишен Извештај за реализација на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2018 година;
45. Годишен извештај за реализациј на програмата за изработка на Урбанистички планови за 2018 година;
46. Полугодишен извештај за работа на Советник овластен инспектор за комунални работи, угостителство и туризам на Општина Берово за период од 01.07.2018 година до 31.12.2018 година;
47. Полугодишен извештај за работа на овластениот градежен инспектор на Општина Берово за период од 01.07.2018 година до 31.12.2018 година;
48. Полугодишен извештај за работењето на овластениот Општински инспектор за просвета и спорт за период од 01.07.2018 година до 31.12.2018 година;

49. Извештај за работа на овластениот инспектор за сообраќај и локални патишта на Општина Берово;
50. Годишен Извештај за работата на ТППЕ Берово за 2018 година;
51. Годишен Извештај од ПС од ОН Берово за 2018 година;
52. Одлука за усогласување на намените на Урбанистички план за с. Русиново во однос на легализација на објекти надвор од дефиниран опфат за КП 1363 КО с. Русиново;
53. Одлука за прифаќање на донација (летниковец од ПИВАРА СКОПЈЕ АД Скопје);
54. Одлука за прифаќање на донација (проектна документација за осветлување на Беровско Езеро од Електровин Виница);
55. Дополнување на одлуката за кофинансирање на проектот „Изградба на зелен пазар во Берово";
56. Барања од институции и граѓани;
57. Советнички иницијативи и прашања.

1. ***Усвојување на Записник од 18-та Седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Записникот од 18-та Седница на Совет на Општина Берово;*

***2. Завршна сметка на Буџетот на Општина Берово за 2018 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по предложената точка. Претседателот на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, Гоце Ружински, истакна дека завршната сметка е разгледана на комисија, констатирана е само техничка грешка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Завршна сметка на Буџетот на Општина Берово за 2018 година.*

***3. Годишен Извештај на Општина Берово за 2018 година (годишна сметка, извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност, извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка);***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по предложената точка. Претседателот на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, истакна дека и оваа точка е разгледана на комисија и дека комисијата нема забелешки по истата. Претседателот ја стави на гласање предложената точка и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Годишниот Извештај на Општина Берово за 2018 година (годишна сметка, извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивната вредност, извештај за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотации и дотациите за делегирани надлежности и извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка).*

***4. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници вработени во ОЈУДГ "23 Август" Берово за 2019 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање. Со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници вработени во ОЈУДГ "23 Август" Берово за 2019 година.*

***5. Годишен извештај за работа на ЈПКР „Услуга" Берово за 2018 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советникот Влатко Буровски, кој истакнува дека во извештајот стои дека во с. Русиново мегданот се мете 1 месечно а истиот се мете еднаш до два пати годишно. Присутен на Седницата на Совет е Директорот на ЈПКР„Услуга" кој одговара дека има проблеми со механизацијата и дека некогаш временските услови не дозволуваат. За збор се јави и Советничката Емилија Пачемска, која прашува за фонтаната на кејот и за живата ограда околу гробиштата. Директорот одговара во врска со фонтаната ќе се потрудат да видат во што е проблемот зошто не работи а во врска со садење на жива ограда, околу гробиштата се садат нови дрва и истотот се однесува за тоа. Понатаму Советничката Пачемска, прашува до каде е градскиот пазар на што добива одговор дека до крајот на месецот ќе биде готов. Пристапено е кон гласање и со **9 гласа ЗА, 6 Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници е** усвоен *Годишниот извештај за работа на ЈПКР „Услуга" Берово за 2018 година.*

***6. Годишен финансиски извештај за работа на ЈПКР „Услуга" Берово за 2018 година;***

Претседателот на Совет, Јован Матеничарски отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советникот Гоце Ружински, кој истакна дека извештајот е разгледан на комисија. Советничката Славица Фурнаџиска се надоврзува дека инвестицијата е 4.000.000,00 денари а толку е и загубата. За збор се јавува Советникот Предраг Монев, кој прашува дали има нови моменти во врска со плаќањето за пречистителна станица од страна на жителите од Пехчево. Директорот Рунтевски истакнува дека преговорите потешко одат и дека проблемот мора институционално да се реши . На ова Советникот Монев, констатира дека половина година, советничката група на ВМРО-ДПМНЕ иницира решавање на проблемот до денес ништо не е решено. Директорот Рунтевски предлага да се формира тело од Советот. Советникот Монев реагира и на зголемување на трошоците за службени патувања, на што Директорот му образложува дека имало повеќе обуки, патување за Австрија и плус дневницата е зголемена со одлука од Управниот одбор. На ова Советникот Предраг Монев, констатира дека управниот одбор при зголемување на дневницата за службени патувања, треба да го земе во предвид и финансискиот резултат на компанијата. За збор се јавува Советникот Драган Мустачки кој се надоврзува на прашањето за проблемот со пречистителната станица и истакнува дека предолгот на регулаторна за меѓуопштински договор не е решение на проблемот, со оглед на тоа што тој договор не може да се врати да важи ретроактивно. За збор се јавува Советничката Славица Фурнаџиска, која дава предлог во целата постапка да се вклучи швајцарската агенција. Претседателот истакнува дека е разговарано од повеќе инстанци, предлагано е министерството да го превземе решавањето на проблемот и го дава на гласање годишниот извештај за работа на ЈПКР „Услуга" Берово за 2018 година кој е усвоен со **8 гласа ЗА, 6 Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници,** отсутен од гласање е Советникот Јован Ковачовски.

***7. Одлука на ЈПКР "Услуга" Берово, за наплата на правосилни и извршни предмети без камата;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, Претседателот на Комисија за финансирање, буџет и ЛЕР истакна дека е разгледано на комисија и тоа се однесува на стари долгови да можат да се ослободат од камата и да бидат наплатени. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука на ЈПКР "Услуга" Берово, за наплата на правосилни и извршни предмети без камата.*

***8. Одлука за престанок на Одлука за давање на времено користење недвижни ствари – згради на ЈПКР "Услуга" Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, и самиот ја појаснува истата, истакнувајќи дека долниот дел од зградите е користен од страна на ЈПКР„Услуга" и е потребно да престане тоа времено користење за да може да се догради Домот за стари. Со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука за престанок на Одлука за давање на времено користење недвижни ствари – згради на ЈПКР "Услуга" Берово*.

***9. Известување за деловна активност за 2018 година за наменска сметка на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки " Берово за 2018 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. Претседателот на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, Гоце Ружински, истакнува дека е разгледано на комисија, сметката нема деловна активност и пристапено е кон гласање. Со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено *Известување за деловна активност за 2018 година за наменска сметка на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки " Берово за 2018 година.*

***10. Финансиски извештај од завршна сметка на основен Буџет за 2018 година на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово ;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Финансиски извештај од завршна сметка на основен Буџет за 2018 година на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки" Берово*.

***11. Финансиски извештај од завршна сметка на самофинансирачки активности за 2018 година на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки " Берово ;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка, бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Финансиски извештај од завршна сметка на самофинансирачки активности за 2018 година на ОЈУСЗСЛ "Д-р Иван Влашки " Берово*.

***12. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски" 2018 година-донаторска сметка;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. Претседателот на комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР, Гоце Ружински, истакнува дека е разгледано на комисија, Директорот бил присутен, забелешки нема. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен

*Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски" 2018 година- донаторска сметка.*

***13. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски" 2018 година-наменска дотација ;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советникот Предраг Монев, кој го прашува Директорот на што се потрошени средствата од Транспорт на луѓе. Директорот одговара дека тоа се средства кои се плаќаат кога учениците одат на натпревари . Понатаму Советникот Монев, прашува на што се однесуваат средствата потрошени за дополнителни активности, при што Директорот Корчовски, одговара дека тоа се однесува на исплата на дневници на професори. Советникот Монев бара за следна седница, Директорот да ги информира Советниците колку била истата сметка претходната година. Пристапено е кон гласање и со **15 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски" 2018 година-наменска дотација.*

***14. Финансиски извештај од завршна сметка на ОСУ„Ацо Русковски" 2018 година-сметка за сопствени приходи ;***

